**Совет на општина Кратово**
**Бр.09-** 1363/1
**23.09.2022 година**
**Кратово**

Врз основа на член 39 став 1 и 2 и член и член 48 став 1 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002), а согласно 25 од Статутот на општина Кратово и член 35 од Деловникот на Советот на општина Кратово на ден 23.09.2022 година, донесувам

# Р Е Ш Е Н И Е
## за свикување на четиринаесеттата седница на советот на општина Кратово

Ја свикувам четиринаесеттата седница на Советот на општина Кратово **која ќе се одржи на ден 30.09.2022 година (Петок)** во салата за седници на Советот на Општина Кратово **со почеток во 11 часот.** За седницата го предлагам следниот:

## Д Н Е В Е Н Р Е Д

-Предлог-Записник од дванаесеттата седница на советот на општина Кратово одржана на ден 25.08.2022 година;

-Предлог-Записник од тринаесеттата седница на советот на општина Кратово одржана на ден 31.08.2022 година;

**1.**Предлог-Одлука за давање на стопанисување на јавното осветлување на територијата на Општина Кратово;

**2.**Предлог-Одлука за усвојување на Измената на Финансовиот план за 2022 година на Јавното претпријатие за комунални дејности и инфраструктура "Кратово"-Кратово;

**3.**Годишен план со Предлог-Одлука за давање согласност на Годишниот план за вработување за 2023 година на ЈОУ Дом на културата "Лазар Софијанов"-Кратово;

**4.**Годишен извештај со Предлог-Решение за усвојување на Годишниот извештај за работата на СОУ "Митко Пенџуклиски"-Кратово и Ученичкиот дом за учебната 2021/2022 година;

**5**.Годишна програма со Предлог-Решение за усвојување на Годишната програма за работа на СОУ "Митко Пенџуклиски"-Кратово и Ученичкиот дом за учебната 2022/2023 година;

**6.**Годишна програма со Предлог-Решение за усвојување на Годишна програма за работа на ЈОУДГ "Царка Андреевска"-Кратово за работната 2022/2023 година;

**7.**Предлог-Решение за разрешување и именување на член на Управниот одбор на ЈОУДГ "Царка Андреевска"-Кратово;

**8.**Предлог-Одлуки за доделување на помош од Буџетот на Општина Кратово; и

**9.**Прашања и предлози.

На седницата е поканет Градоначалникот на општина Кратово и Раководители на јавни претпријатија, установи и органи на управата на локалната самоуправа одговорни за својата работа пред Советот на Општина Кратово.

Се известуваат поканетите службени лица за задолжително присуство на седницата на Советот.

**Претседател**
**на Советот на општина Кратово**
Весна Петрова

**Изр.** ЉГ